[redacted]

**From:** [redacted]
**Sent:** Wednesday, March 3, 2021 3:42 PM
**To:** [redacted]
**Subject:** [Fwd: Одговор на прашање]

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 04.03.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 2 | | |


[redacted]

---

**Subject:** Одговор на прашање
**From:** [redacted]
**Date:** Wed, 03/03/2021 03:35 PM
**To:** [redacted]

Почитувана [redacted]

Во врска со Вашето прашање за промената на програмската шема на ТВ Алфа, доставено до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги вчера попладне, Ве известуваме дека според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, телевизиите се целосно самостојни и независни во својата уредувачка политика, односно сами одлучуваат кои програми ќе ги емитуваат и во кој период од денонoќието.

Притоа, мора да водат сметка, структурата на програмата на неделно ниво да е во согласност со програмскиот концепт кој е составен дел од нивната дозвола за емитување (што се јавно објавени на веб сајтот на Агенцијата, во делот РА и ТВ), како и да внимаваат со изборот на содржините и периодите на нивно емитување да не ги прекршат законските одредби и професионалните стандарди. Кога станува збор за емитувањето играна програма, особено треба да се грижат за нејзина соодветна класификација за кои возрасни групи не е соодветна и во зависност од тоа да одлучат за соодветен термин на нејзино емитување.

Во конкретниов случај, ТВ Алфа и понатаму ја емитува и серијата „Украден живот“, но го поместила терминот на нејзино емитување за по 23 часот.

Срдечен поздрав,

[redacted]

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги